# ВМРО-ДПМНЕ

До
ВМРО ДПМНЕ
Централен Комитет

Предмет: Достава на Декларација за демократизација и модернизација на ВМРО ДПМНЕ на Ваше разгледување и одобрување

Почитувани членови на Централниот Комитет на ВМРО ДПМНЕ,

во прилог Ви доставуваме Декларација за демократизација и модернизација на ВМРО ДПМНЕ на Ваше понатамошно разгледување и одобрување на истата. Очекуваме Декларацијата да биде ставена на дневен ред на првата наредна итна седница на ЦК на ВМРО ДПМНЕ и да биде прифатена во целост, со цел декларативно и официјално ВМРО ДПМНЕ да ги констатира принципите врз основа на кои во блиска иднина ќе ги спроведе неопходните реформи во партијата и ќе го донесе новиот Статут на ВМРО ДПМНЕ.

Почитувани,

Вашата доверба е она што го очекуваме, сметаме дека истата ја заслужуваме, затоа што сме народна партија, која знае да го почитува ставот на своите членови и која работи во интерес на сите нас, активистите на ВМРО ДПМНЕ. Декларацијата ја доставуваме до Вас, во својство на претставници на мнозинството членови на ВМРО ДПМНЕ, кои гласно и недвосмислено размислуваат, бараат и очекуваат суштински реформи во партијата.

Наш заеднички приоритет е создавање на нов кредибилитет и капацитет на ВМРО ДПМНЕ да ја формира идната Влада на Република Македонија, после завршување на процесите за деизолација на партијата на домашната и меѓународната политичка сцена. Истото е единствено можно само преку спроведување на статутарни, темелни и суштински реформи во ВМРО ДПМНЕ. Ве повикуваме активно да се вклучите во процесот на реформирање на нашата партија.

Ви благодариме на довербата,

Внатрепартиска иницијати за реформи во ВМРО ДПМНЕ

# Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

## за демократизација и модернизација на ВМРО ДПМНЕ

## "Демократска ВМРО ДПМНЕ за демократска Македонија"

Согласно уставната определба, Република Македонија да се развива како парламентарна демократија, неопходно потребно е политичките партии, чинители на тој парламентаризам, да бидат поставени структурно и функционално како демократски партии, а со цел да се гарантира демократскиот карактер на државата.

Партиите кои се структурно недемократски поставени од внатре, не можат да бидат чинители на прогресивните процеси во едно демократско општеството, без оглед на програмските документи и реторичките заложби, и без оглед дали се наоѓаат на власт или во опозиција.

Недемократската внатрешна поставеност на органите на ВМРО ДПМНЕ, претставува една од основните причини која ја обезличувува нашата партија, со закана целосно да ја обезвредни и уништи.

Инспирирани од статусот на изолирана партијата на домашната и меѓународната политичка сцена, како резултат од недостигот на демократски капацитет, загубениот евроатлантски пат и неконзистенти политики со основните начела кои ги наследивме како аманет од нашите предци, кои се бореа под истиот предзнак во своето време, решивме да зачекориме силно и одлучно по патот кој води кон просперитет на нашата Македонија и да прогласиме Декларација за демократизација и модернизација на ВМРО ДПМНЕ.

Декларацијата за демократизација и модернизација на ВМРО ДПМНЕ е патоказ кој нуди конкретни решенија за излез од сегашната состојба, во која и победите претставуваат пораз, а пријателите непријатели, и преку кои нашата партија ќе го врати загубеното и ќе означи почеток на една нова ера за уште посилна ВМРО ДПМНЕ, кое во најскоро време ќе ја добие честа одново да раководи со државата.

Тргнувајќи од горенаведените основни потреби за демократизација внатре во партијата, свесни дека решението се наоѓа единствено внатре во партијата, ги повикуваме сите членови на партијата преку заедничко дејствување да создадеме посилна ВМРО ДПМНЕ за посилна Македонија, преку целосно остварување на заложбата за измена и дополна на Статутот на ВМРО ДПМНЕ. Легитимноста на тоа барање извира од секој од нас, рамноправен член на партијата, бидејќи легитимитетот и легалитетот на органите на ВМРО ДПМНЕ извира од членовите на партијата. Својата сила ВМРО ДПМНЕ ја црпи од силата на своето членство. Членовите имаат централно место во партијата. Во таа насока, мерките за суштински реформи во партијата започнуваат со промена на Статутот, а во насока на обезбедување на правото на донесување на одлуки од страна на органите во кои непосредно учество имаат членовите на партијата или од нив избрани претставници.

Во процесот на измени и дополни на Статутот на ВМРО ДПМНЕ, особено е значајно да бидат земени во предвид следниве принципи, кон демократизација и модернизација на партијата:

1. **Принцип на слобода на говор и мисла.**

Статутот на ВМРО ДПМНЕ во своите идни одредби, одлучно и недвосмислено треба да гарантира слобода на говорот и мислата на сите членови на партијата. Нивно право, самоиницијативно да се обраќаат до телата на партијата, да предлагаат и да бидат присутни на тие состаноци, да ги бранат своите предлози. Истото мотивирачки ќе делува врз секој поединец да добие можност да го истакне својот став и доколку констатира дека истиот е земен во предвид при донесување на одредени одлуки, тоа е немерлив мотив за создавање на „посветен активист".

2. **Принцип на рамноправност.**

Статутарните измени гарантираат еднаквост и недискриминација на сите членови на партијата по национална, верска и друг вид определба, почитувајќи го трудот на искусните активисти, кои се вложиле себеси во изградбата на ВМРО ДПМНЕ, а отварајќи ги вратите за припадниците на младата и женската популација и припадниците на националните заедници, врз основа на воспоставениот демократски поредок базиран на стандарди и вредности кои ги делиме и почитуваме. Јасно прецизирани права и обрски на членовите, без никаква можност да се ограничуваат во изразувањето на нивните идеи и активности.

3. **Принцип на непосреден избор.**

Се воспоставува правилото на непосреден избор од страна на членовите на партијата, при изборот на органите и телата на партијата или при изборот на нивните претставници во истите. Неопходно е да се разгледа можноста за практикување на овој принцип при изборот и на највисоките партиски тела, како избор на претседател на партијата или избор на делегати за Конгрес.

4. **Принцип на тајност во одлучувањето.**

Круцијално е да се воспостави правилото на тајност при одлучувањето, без разлика дали станува збор за спроведување на непосреден избор од страна на членовите на партијата или за донесување на одлуки внатре во веќе избраните органи, а се однесуваат на битни прашања. Тајноста на одлучувањето, повеќекратно ќе го зголеми нивниот легитимитет и значење и истите ќе бидат почитувани од сите во партијата како неспорен став на мнозинството, слободно изразен на тајно гласање.

5. **Принцип на неспоивост на функции.**

Се воспоставува принципот едно лице - една должност во партијата. Во таа насока се објавува неспоивост на функцијата Претседател на ВМРО ДПМНЕ со функцијата Претседател на ЦК на ВМРО ДПМНЕ, потоа функцијата член на ИК со член на ЦК, како и Претседател на ОК со Претседател на Собрание на ОК и сл.

Истиот принцип ќе се примени и при номинирање на партиски кадри на значајни државни позиции. Неспоивоста на партиската и државната функција ќе биде императив на идното делување на партијата.

6. **Принцип на индивидуална одговорност.**

Партиската функција носи привилегии, но и обврски, особено лична одговорност при извршување на тие обврски. Се исклучува праксата на лична заслуга за победите, а колективна одговорност за поразите. Поединецот исправен пред извесната можност за лична одговорност и за негова брза промена, ќе подлежни на автоконтрола на своето делување и донесување на одлуките. Функционерот без контрола, често ја злуопотребуваат својата моќ и себеси се наметнуваат како единствено решение за иднината на партиското организирање во државата. Индивидуалната одговорност, не само што ќе ја ограничи моќта на партиската елита, туку ќе предизвика и ограничување на моќта и на државната елита. Неколкукратно ќе ја засили демократијата кај сите политички субјекти на македонската политичка сцена и ќе гарантира демократски политички живот во Република Македонија.

7. **Принцип на личен интегритет и квалитет.**

Само личности со личен интегритет може да градат кредибилни институции. Кредибилни тела на партијата, ќе промовираат конзистентни политики на долг рок. Политики кои ќе придонесат кон промовирање на ново лице на партијата. Квалитетот на личноста пред лојалноста кон поединци. Се напушта концептот на неприкосновено владеење, кое произлегува од позиција и манипулација со членството. Квалитетот и интегритетот на поединецот, неговиот авторитет кај членовите на партијата, но и во средината во која живее и работи, се единствените критериуми за внатрепартиска и институционална кариера.

Одлуките за кадровската политика ќе се носат транспарентно, пред членовите на ВМРО ДПМНЕ, но и пред целата јавност во Република Македонија. Интегритетот на поединецот е она неопходното, за од него да се промовира професионалец, решение за било која позиција во државната. Човек без интегритет е човек без кредибилитет да побара шанса. Во центарот на нашата идеолошка матрица, на ВМРО ДПМНЕ како партија со конзервативна ориентација, стои поединецот. Каков „поединец ќе создадеме“ зависи само од нас. Реформите на ВМРО ДПМНЕ нудат поединец со интегритет, свој на своето, борец за своето, кредибилен да побара одговорност од политичката конкуренција.

8. **Принцип на внатрепартиска солидарност.**

Солидарни кон сите, солидарни кон себеси. Не постои целосна правда, но мора да биде фер. Солидарноста помеѓу сите нас, членовите на ВМРО ДПМНЕ ќе биде не само наша индивидуална иницијатива, туку и статутарна обврска. Не секогаш лице кое стигнало до висока државна позиција е најквалитетното и најзаслужно решение на партијата. Но, истото тоа лице, мора да биде целосно солидарено кон останатите членови на партијата, кои веројатно имаат и поголеми заслуги за победите. Солидарноста ќе придонесе за толерантност кон различно мислење, толерантност кон делување на другиот, толерантност кон ставот на мнозинството, толерантност кон ставот на малцинството, толерантност кон политичкиот конкурент, толерантност кон политичката понуда и сл. Едноставно, обврзани меѓусебно да си помогнеме, како вредност која стои во темелите на нашата идеолошка матрица.

Имплементацијата на наведените принципи, во рамки на новиот Статут на ВМРО-ДПМНЕ, има позитивен ефект во две насоки, и кон членовите и кон раководството на партијата. Раководството во иднина ќе добие полн легитимитет и легалитет да одлучува, но и одлуките ќе имаат поголема тежина и значење, а членовите на партијата ќе бидат целосно вклучени во процесот на избор на раководството, но и во процесот на донесување на одлуките.

Новиот Статут на ВМРО ДПМНЕ, базиран на горенаведените принципи, ќе делува исклучително мотивирачки кон сите, да се приклучат во новата победа на ВМРО ДПМНЕ.

Сите членови на ВМРО ДПМНЕ Ве повикуваме кон дебата, базирана на слободно размислување, Ве охрабруваме да предлагате решенија, кои ќе бидат значително поквалитетни од понуденото од страна на еден човек. Дебатата носи конкуренција на мислењето, а тоа пак донесува квалитетни заклучоци. Секако дека ВМРО ДПМНЕ ќе биде помудро после отворена дебата. Донесувањето на мудри заклучоци ќе донесе решенија за сите наши проблеми.

Реформите ќе предизвикаат процес на реизбор на органите и телата на партијата, процес кој ќе дозволи да се истакне квалитетот кај поединците, а не „гордо наведнатата глава".

Внатрепартиска иницијатива за реформи во ВМРО ДПМНЕ